

# Dokumenti za nastaven cas po angliski jazik vo III oddelenie na tema –Zivotni Nastavnik

Nastavnik Ljubica Ruzinska

**I. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ:**

1. Наслов на наставната единица: Изработка на PowerPoint презентација со употреба на webquest- Патување во светот на животните
2. Наслов на тематската единица: *I can do that!*
3. Број/Тип на часот: 67-68/повторување на материјалот

**II. ЦЕЛИ НА ЧАСОТ:**

• повторување проширување на изучениот материјал за животни и досега изучените граматички структури

• употреба на webquest и изработка на PowerPoint презентација за да се запознаат учениците со методот на истражувачката задача со употреба на ИКТ

**III. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ:**

• го именуваат, читаат и пишуваат изучениот вокабулар поврзан со животните и ги употребат изучените граматички структури (формите на глаголите *To Be* , *Have* и *Can)*

• го прошираат изучениот материјал преку истражување со употреба на webquest

• опишуваат животни

• споредуваат две животни (сличности и разлики)

• изработуваат PowerPoint презентација врз база на собраните податоци за животните

**IV. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ НА РАБОТА:**

• аудио- визуелен, аудио- лингвален, комуникативен, фронтална, индивидуална, работа во група

**V. НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА:**

• ЛЦД проектор, компутери, листови хартија

**VI. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ- ФАЗИ**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ: (10 минути)**

Наставникот го започнува часот преку приказна. Им кажува на учениците дека вчера добил необичен телефонски повик од еден пријател по име Ерик. Им објаснува на учениците дека Ерик е музички продуцент кој добил задача да состави песна за животно. Но Ерик наишол на проблем. Тој сосема ги заборавил работите кои ги учел за животните и песната која ја составил воопшто не била успешна. Потоа наставникот им ја пушта песната на учениците кои ја гледаат преку ЛЦД проекторот. Откако учениците ќе ја слушната песната, наставникот поставува прашања за тоа што е она кое Ерик го згрешил (во песната авторот сосема ги измешал животните). Наставникот ја користи песната за да учениците го поврзан нивното претходно знаење за животните и истовремено го повторат досега изученото.

Наставникот им кажува на учениците дека Ерик побарал помош од нив, да му помогнат да се потсети кое животно како изгледа, што може да прави, каде живее, што јаде... За таа цел тие денес ќе треба да го искористат webquest кој Ерик го испратил за да ја извршат оваа задача. Откако ќе ги истражат и откријат потребните информации ќе треба да направат PowerPoint презентации кои ќе му ги пратат на Ерик за да му помогнат да ја напише песната.

Наставникот ја користи оваа прилика да ги запознае учениците со целите на денешниот час и очекуваните исходи.

**ГЛАВЕН ДЕЛ: (50 минути)**

Наставникот го пушта webquest преку ЛЦД-то и учениците се запознаваат со зададента задача подетално. Откако ќе се запознаат со задачите наставникот ги запознава учениците со критериумите кои се потребни да се почитуваат за да ја извршат задачата успешно. Им ги соопштува критериумите за работа во група (се наоѓаат на пано до таблата, и на чек-листите во сите групи) и критериумите за оценување на самата презентација (на пано до таблата, и во листите за оценување на групната работа)

Учениците се делат во однапред определените групи и започниваат со нивната работа. Прво ги следат упатствата дадени во webquest и ги истражуваат нивните животни. Бидејќи секој член од групата има специфична задача се користи диференциран пристап на работа.

Откако ќе ги соберат потребните информации започнуваат со изработка на PowerPoint презентацијата. Наставникот циркулира меѓу групите и им нуди соодветна помош, давајќи им соодветни насоки за работа во вид на усна повратна информација. Исто времено наставникот ја бележи работата на групите во Листата на следење на работата на учениците во група.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ: (20 минути)**

Откако сите групи ќе завршат со нивната изработка на презентацијата секоја група ја презентира пред останатите ученици во одделението. Додека секоја група презентира, останатите групи ја оценуваат презентацијата користејќи ги веќе познатите критериуми и ги бележат поените во Табелата за оценување на презентација. Истото го прави наставникот во неговата табела.

По завршувањето на презентирањето на сите групи се искажуваат постигнувањата и наставникот им честита на учениците за успешно завршената задача. Потоа им соопштува дека секој ученик сега ќе треба да ја пополни Листата за самооценување и да одговори на прашањата за само-рефлескија. Наставникот ги собира сите листови и им кажува на учениците дека ќе добија писмена повратна информација за нивната работа. Наставникот ги прашува учениците дали се постигнати поставените цели на часот и кој е доказот за тоа. Им соопштува на учениците дека и во иднина ќе имаат вакви часови кои ќе им помогнат во совладувањето на материјалот.

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:**

**Методи на оценување:**

1. набљудување на учениците од страна на наставникот
2. меѓусебно оценување на групите за презентациииите
3. самооценување на учениците

**Инструменти за оценување**

1. чек-листа за следење на работата на учениците во групата (за наставникот)
2. аналитичка листа и табела за меѓусебно оценување на групите (за учениците)
3. аналитичка листа и табела за оценување на групите (за наставникот)
4. листа за самооценување на учениците и прашања за само-рефлескија
5. усна повратна информација за време на часот, писмена повратна информација по завршувањето на часот

**РЕФЛЕКСИЈА**:

Целите на часот беа постигнати како и очекуваните исходи. Учениците ги опишаа и споредија животни и со тоа го повторија изучениот вокабулар за животните и изучените граматички структури. Тие се запознаа со истражувачката задача преку употребата на webquest и направија PowerPoint презентација користејќи ги информациите кои ги истражија во webquest. Како доказ на ова се дадените презентации од групите.

Сите ученици беа активно ангажирани во активностите на часот, бидејќи се користеше диференциран пристап во текот на активностите. Знаеа дека секој треба да си ја завреши дадената обврска за да може групата да ја заврши својата задача. Активностите беа диференцирани според нивото на знаење на јазикот па затоа и оние ученици кои вообичаено покажуваат послаби резултати може да учествуваат во изработката и доколку беше потребно добиваа помош од нивните соученици во групата. Повеќето од учениците добро се снајдоа со работата во група и меѓусебно соработуваа и си помагаа. Бидејќи станува збор за ученици од трето одделение кои не го применуваат овој пристап на работа поради нивната возраст сметам дека со текот на времето со почеста употреба на овој принцип на работа ќе се подобри нивната работа.

Немаше промени на предвидените активности во текот на часот, ниту пак во предвидените цели.

Бидејќи учениците меѓусебно ги оценуваа презентациите на групите и на крајот на часот се самооценија за нивната работа во група тие активно беа вклучени во процесот на формативното оценување. Одговарањето на прашањата за само-рефлексија ми даде подетелно видување за постигнувањето на секој ученик поединечно, и овозможи да им дадам дополнителни повратни информации на оние ученици кои се послаби со насоки за подобрувања на оние полиња во кои тие имаат потешкотии.

Доколку повторно го повторам часот со истата група на ученици (или ученици од иста возраст) би го намалила бројот на животни кои беа опфатени во webquest на шест животни. Ова се должи повторно на возраста на учениците и нивното познавање на јазикот кое е на почетно ниво. Исто така би го зголемила времето, односно часот би го реализирала на три часа а не на два, еден час за истражување (употреба на webquest), еден час за изработка на презентациите и еден час за презентација на презентациите и нивно оценување, бидејќи учениците се мали и се малку побавни при користење на апликацијата PowerPoint.

## Аналитичка листа за оценување на PowerPoint презентација со употреба на Webquest за животни

| | 1 поен | 2 поена | 3 поена |
|---|---|---|---|
| **Собирање на податоци за животните** | Групата нашла точни информации за 1 или 2 од прашањата | Групата нашла точни информации за 3 или 4 прашања | Групата нашла точни информации за 5 или 6 прашања |
| **Опишување и споредување на животните** | Групата опишала само едно животно | Групата ги опишала двете животни | Групата ги опишала двете животни и ги споредила |
| **Фонд на зборови и граматички структури** | Корисен е ограничен фонд на зборови и граматички структури со грешки кои го попречуваат разбирањето (повеќе од 10 грешки) | Користен е соодветен фонд на зборови и граматички структури со мал број на грешки кои не го попречуваат разбирањето (од 5 до 10 грешки) | Користен е соодветен фонд на зборови и граматички структури со незначителен број на грешки (помалку од 5 грешки) |
| **Дизајнирање на PowerPoint презентација** | Презентацијата содржи информации и слики за само едно животно | Презентацијата содржи информации и слики за двете животни | Презентацијата содржи информации и слики за двете животни и тие се споредени |
| **Усна презентација на информации** | Ученикот не даде соодветни информации при презентирањето на презентацијата | Ученикот испушти неколку важни факти при презентирањето на презентацијата | Ученикот ги презентираше сите факти при презентирањето на презентацијата |

## Табела за меѓусебно оценување на групите

| | Група 1 | Група 2 | Група 3 | Група 4 | Група 5 | Група 6 | Група 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на податоци за животните | | | | | | | |
| Опишување и споредување на животните | | | | | | | |
| Фонд на зборови и грам. структури | | | | | | | |
| Дизајнирање на PowerPoint презентација | | | | | | | |
| Усна презентација на информации | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | |

## Чел-листа на наставникот за следење на работата на учениците во групата

| ученик | Ива М | Петар | Виктор | Илин | Владимир | Леонид | Никола | Наташа | Ана | Благица | Бојан | Теодора | Давид | Ема | Тамара | Јане | Андреј | Сара | Вања | Анастасија А | Стефан | Милијана | Антонија | Анастасија П | Елена | Симона | Лара | Ива А | Клара | Кони |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Истражува и прибира информации | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Споделува информации со останатите во групата | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ги исполнува тимските обврски согласно доделената улога | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ги споделува идеите со останатите членови во групата | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Учествува во дискусија во групата | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ги слуша другите членови во групата кога споделуваат информации | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Соработува со членовите во групата | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Легенда: + (да) — (не) √ (делумно)

# Табели за наставникот за оценување на презентациите на групите

| III-1 | група 1 | група 2 | група 3 | група 4 | група 5 | група 6 | група 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на податоци за животните | | | | | | | |
| Опишување и споредување на животните | | | | | | | |
| Фонд на зборови и грам. структури | | | | | | | |
| Дизајнирање на PowerPoint презентација | | | | | | | |
| Усна презентација на информации | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | |

| III-2 | група 1 | група 2 | група 3 | група 4 | група 5 | група 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на податоци за животните | | | | | | |
| Опишување и споредување на животните | | | | | | |
| Фонд на зборови и грам. структури | | | | | | |
| Дизајнирање на PowerPoint презентација | | | | | | |
| Усна презентација на информации | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

| III-3 | група 1 | група 2 | група 3 | група 4 | група 5 | група 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на податоци за животните | | | | | | |
| Опишување и споредување на животните | | | | | | |
| Фонд на зборови и грам. структури | | | | | | |
| Дизајнирање на PowerPoint презентација | | | | | | |
| Усна презентација на информации | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

| III-4 | група 1 | група 2 | група 3 | група 4 |
|---|---|---|---|---|
| Собирање на податоци за животните | | | | |
| Опишување и споредување на животните | | | | |
| Фонд на зборови и грам. структури | | | | |
| Дизајнирање на PowerPoint презентација | | | | |
| Усна презентација на информации | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | | | | |

| **III-6** | **група 1** | **група 2** | **група 3** | **група 4** |
|---|---|---|---|---|
| **Собирање на податоци за животните** | | | | |
| **Опишување и споредување на животните** | | | | |
| **Фонд на зборови и грам. структури** | | | | |
| **Дизајнирање на PowerPoint презентација** | | | | |
| **Усна презентација на информации** | | | | |
| **Вкупно** | | | | |

| **III-6** | **група 1** | **група 2** | **група 3** | **група 4** | **група 5** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Собирање на податоци за животните** | | | | | |
| **Опишување и споредување на животните** | | | | | |
| **Фонд на зборови и грам. структури** | | | | | |
| **Дизајнирање на PowerPoint презентација** | | | | | |
| **Усна презентација на информации** | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | |

| **III-7** | **група 1** | **група 2** | **група 3** | **група 4** |
|---|---|---|---|---|
| **Собирање на податоци за животните** | | | | |
| **Опишување и споредување на животните** | | | | |
| **Фонд на зборови и грам. структури** | | | | |
| **Дизајнирање на PowerPoint презентација** | | | | |
| **Усна презентација на информации** | | | | |
| **Вкупно** | | | | |

## Листа за самооценување на работата на ученикот во групата

| | Не | Делумно | Да |
|---|---|---|---|
| **1. Истражував и прибирав информации** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |
| **2. Споделував информации** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |
| **3. Ги исполнував тимските обврски согласност дадената улога** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |
| **4. Ги споделував моите идеи со останатите членови од групата** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |
| **5. Чувствувам дека членовите од групата ги прифаќаа моите идеи и предлози** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |
| **6. Ги слушав другите членови во групата кога споделуваат информации** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |
| **7. Соработував со останатите членови од групата** | **Не** | **Делумно** | **Да** |
| | 1 | 2 | 3 |

## Прашања за само-рефлексија

| |
|---|
| **1. Што ново научи во текот на часот?** |
| **2. Што сработи во групата и колку успешно го направи тоа?** |
| **3. Што беше најлесно?** |
| **4. Што беше најтешко?** |
| **5. Што беше најинтересно за тебе во текот на часот?** |
| **6. Како се чувствуваше за време на часот?** |
| **7. Што е она што го научи на овој час кое ќе ти помогне понатака?** |

## Писмена повратна информација за групите

**Група 1**
Групата за првото животно (*zebra*) нашла точни информации само за прашањата 1, 2 и 5 (каков вид на животно е, како изгледа и каде живее) а за второто животно (*bear*) нашла информации за прашањата 2, 3 и 5 (како изгледа, што може да прави и каде живее). Група на нашла интересни факти за ниту едно од животните. Групата ги опишала и споредила двете животни. Зборовите и граматичките структури кои се користени се соодветни и точни. Презентацијата содржи информации и слики за двете животни и тие се споредени.
Добро соработувавте во групата и секој си ја заврши дадената обврска, освен Вања. Во иднина само внимавајте при истражувањето, потрудете се да најдете информации за сите барање. Со тоа производот на групата ќе биде уште поуспешен.

## Писмена повратна информација за групите

**Група 2**
Групата за двете животни (*giraffe, elephant*) нашла точни информации за сите шест прашања. Групата одлично ги опишала и споредила двете животни. Зборовите и граматичките структури кои се користени се соодветни и точни. Презентацијата содржи информации и слики за двете животни и тие се споредени.
Одлично соработувавте во групата, секој си ја заврши дадената обврска и си помагавте еден со друг. Продолжете со одличната работа и соработка и во иднина и со тоа производите на групата секогаш ќе бидат успешни.

## Писмена повратна информација за групите

**Група 3**
Групата за првото животно (*cat*) нашла точни информации само за прашањата 1, 2, 4 и 5 (каков вид на животно е, како изгледа, што јаде и каде живее) но за второто животно (*rabbit*) нашла информации само за прашањата 3 и 6 (што може да прави и два интересни факта за животното). Групата ги опишала и споредила двете животни. Зборовите и граматичките структури кои се користени се соодветни и точни. Презентацијата содржи информации и слики за двете животни и тие се споредени.
Добро соработувавте во групата и секој си ја заврши дадената обврска. Во иднина само внимавајте при истражувањето, потрудете се да најдете информации за сите барање. Со тоа производот на групата ќе биде уште поуспешен.

## Писмена повратна информација за групите

**Група 4**

Групата за двете животни (*chicken, emu*) нашла точни информации само за прашањата 2 и 3 (како изгледа и што може да прави). Група на нашла информации за прашањата 1, 4, 5 и 6 (каков вид на животно е, што јаде, каде живее и интересни факти за животните) за ниту едно од животните. Групата ги опишала двете животни, но не ги споредила. Зборовите и граматичките структури кои се користени се соодветни и точни. Презентацијата содржи информации и слики за двете животни но тие не се споредени.

Делумно соработувавте во групата бидејќи само два члена ги завршуваа обврските додека Теодора, Анастасија А и Виктор не ги завршија своите обврски и не помагаа при изработката на презентацијата. Во иднина внимавајте при истражувањето, потрудете се да најдете информации за сите барање и не оставајте само два члена од групата да работат а другите да седат. Со тоа производот на групата ќе биде уште поуспешен.

## Писмена повратна информација за групите

**Група 5**

Групата за двете животни (*turtle, iguana*) нашла точни информации за прашањата 1, 2, 3, 4 и 5 (каков вид на животно е, како изгледа, што може да прави, што јаде и каде живее) но не нашла интересни факти за животните (прашањето 6). Групата ги опишала и споредила двете животни. Зборовите и граматичките структури кои се користени се соодветни и точни. Презентацијата содржи информации и слики за двете животни и тие се споредени.

Одлично соработувавте во групата и секој си ја заврши дадената обврска, освен Сара. Во иднина само внимавајте при истражувањето, потрудете се да најдете информации за сите барање. Со тоа производот на групата ќе биде уште поуспешен.

## Писмена повратна информација за групите

**Група 6**

Групата за првото животно (*snake*) нашла точни информации за прашањата 1, 2, 3, 4 и 5 (каков вид на животно е, како изгледа, што може да прави, што јаде и каде живее) но не нашла интересни факти за животните (прашањето 6). Но за второто животно (*goldfish*) нашла информации само за прашањата 2, 4 и 5. Групата ги опишала и споредила двете животни. Зборовите и граматичките структури кои се користени се соодветни и точни. Презентацијата содржи информации и слики за двете животни и тие се споредени.

Добро соработувавте во групата и секој си ја заврши дадената обврска, освен Андреј кој не помагаше при изработката на презентацијата. Во иднина внимавајте при истражувањето, потрудете се да најдете информации за сите барање. Со тоа производот на групата ќе биде уште поуспешен.